КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ

Годишен Извештај за 2014 година

Иднината, денес!

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2014

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ
Годишен извештај за 2014 година

Содржина:

Порака од Претседателот на Управниот одбор 4
Издвоени показатели за пензиските фондови 5
Профил на Друштвото 7
Цели на Друштвото во 2014 година 8
Економското окружување во 2014 година и прогнози за 2015 година 10
Финансиски перформанси на Друштвото 12
Управување со ризици 14
Инвестирање на средствата на фондовите 16
Внатрешна ревизија 18
Продажба 18
Пазарно учество 19
Маркетинг активности и мрежа на агенти 20
Обуки на агентите 21
Информатичко – комуникациска технологија 21
Човечки ресурси 22
Развој и обука на вработените 23
Корпоративно општествена одговорност 24
Корпоративно управување 26
Надзорен одбор 30
Управен одбор 30
Инвестиционен одбор 30
Организациона шема 31
Мрежа на продажни места на друштвото 32
Прилози 33

ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Друштвото е лидер во нашиот сегмент, во т.н. втор задолжителен и во третиот доброволен столб на пензиско штедење. Кумулативно од почетокот на нашата работа до денеска ја имаме достигнато и надминато нашата цел, а тоа е да се победи "инфлацијата плус 2%". Во 2014 година имавме исклучително поволен резултат за двата пензиски фонда и за друштвото. Прво, задолжителниот пензиски фонд оствари вкупен износ на средства од околу 290 милиони евра, додека добивката од приближно 18 милиони евра за сметка и во име на членовите е најголема досега. Кумулативна заработка на задолжителниот фонд од 2006 до 31.12.2014 е 61 милиони евра, распределена на сметките на членовите. Воедно, се намали влезната провизија на износ од 3,5%, со тенденција на понатамошно намалување низ годините се до 2%. Следно, во доброволниот пензиски фонд оствариве уплати од над 1,5 милиони евра, што е раст од над 40% од година за година. Успеавме да убедиме над 2.500 домашни фирми да воспостават пензиски планови за штедење на начин како тоа што го прават во развиениот свет. И крајно, Друштвото забележа најголема добивка од почетокот на своето работење во износ од 1,215 милиони евра. Друштвото ја заврши годината со капитал од околу 5 милиони евра, а на акционерите во 2014 година подели рекордна дивиденда од 1,1 милион евра. КБ прво пензиско друштво АД Скопје ја заврши 9-та година од своето постоење и навлезе во својата 10-та, јубилејна година. На 19-ти мај 2015 година ќе славиме 10 години од основање на друштвото. Имаме искусен тим на обучени професионалци кои се грижат за потребите на членовите. Во исто време, нашите акционери изградија стабилен бизнис со квалитетни преформанси. Во соработка со Агенцијата за супервизија-МАПАС, Друштвото во 2014 година спроведе активности во однос на новиот Законот за исплата на пензии кој стапи во сила во текот на годината и дополнително превзема нови оперативни операции кои во минатото ги извршуваше Агенцијата. Кога станува збор за инвестирањето на средствата на членовите на пензиските фондови, битно е да се напомене дека КБ Прво пензиско друштво верува во принципот на диверзификација, плаќање на ниски трошоци и дисциплина во инвестирањето. Земајќи во предвид дека исплатите на пензиите од фондовите се долгорочни обврски, во инвестирањето може да се превземе ризикот на вложување на средствата во акции на компании, дома и во странство. Диверзификацијата, или метафоричното ставање на јајцата во повеќе кошнички, експертите велат дека е единствената бесплатна работа во светот на финансиите. Така, нашата цел е да се достигне максимумот дозволен со закон на изложеност кон акции во широк опсег на реномирани компании во странство до 30% од вкупните средства. Инвестирањето според Ворен Бафет е "процес на трансферирањето на куповната моќ на твоите пари денеска на инвестициони професионалци со рационално очекување во иднина да добиеш поголема куповна моќ за тие пари, откако ќе платиш даноци. И, така, купување на диверзификувано портфолио на акции во компании, низ времето, е многу понеризична инестиција отколку да се инвестира во хартии од вредност со фиксен доход, и ќе придобие значително зголемување на куповната моќ". Се инвестира и во домашните компании кои котираат на берза, но во многу помал обем. Останатиот, поголем, дел од средствата се инвестираат во посигурни но помалку доходни вложувања во хартии од вредност со фиксен доход (државни обврзници и банкарски депозити). При инвестирањето во акции во странство, ние не претендираме дека ќе ги најдеме најдобрите можни индивидуални акции, затоа што тоа на долг рок е докажано дека е загубена битка. Туку, ја следиме логиката на упросечување на вложувањата и ставање на парите во фондови кои го реплицираат пазарниот индекс на глобалните акции, или т.н. пасивен начин на инвестирање. Многу битен елемент на оваа филозофија е правење на минимум трошоци за нашите клиенти. Клучна идеја е дека не е можно да избереш активно управуван фонд на акции и да очекуваш дека заработката ќе биде подобра од онаа кај пасивен индексен фонд на одреден подолг временски период, заедно со вклучени провизии за активно управување. Ги следиме сите врвни експерти во светот на инвестирањето и за сега наша звезда водилка се идеите на Џек Богл, основоположникот на Вангард и индексните фондови, Џон Мајнард Кејнз, Роберт Шилер, Јуџин Фама и Ворен Бафет. До денеска, имаме дисциплиниран пристап и многу позитивно искуство од овој начин на инвестирање.

Искрено,

Јанко Тренкоски
Генерален директор на КБ прво пензиско друштво АД Скопје

и.с. Некои статистики за 2014 година од пазарите на капитал:
S&P 500 достигна ниво од 2100; DAX беше е 11000; Доларот во однос на еврото отиде нагоре за 13,7%; Акциите во САД изразени преку S&P 500 се горе во износ од 11,4% (S&P 500 заврши 25,1% горе со ефект на долар или 11,4% без ефект на долар); Европски акции во благ раст во 2014 (Euro Stoxx 50 е 1,20%, а DAX е 2,65%), изминатите 5 години заклучно со 31.12.2014 пасивна стратегија кумулативно изразено преку S&P 500 заработува 85%, преку STOXX 50 заработува 6% а германскиот DAX заработил 65%; Обврзниците во МК се на историски најниско ниво во 2014. На пример, износот на каматната стапка е 2,4% за 3-годишна со девизна клаузула а беше 3,4%, а за 10-годишна е 3,5% на крај на 2014 од 5,0%; МБИ 10 заврши со 6,06% раст; Нафтата доживеа историски пад од 45,87% за само 6 месеци од јули до крај на декември 2014 година од околу 100 долари по барел на 54 долари по барел; Цената на шеќерот падна 20%; Акцијата на Епл(Apple) порасна за 38% и претставува највредна компанија на светот со пазарна капитализација од 643 милијарди долари на крајот на 2014 година, и е најголем учесник во и претставува 3,55% од S&P 500; Инфлација(дефлација) во РМ за 2014 е -0,3%; Раст на БДП во РМ за 2014 е 3,5%; Просечна инфлација за периодот од почеток 2006 до 31.12.2014 е 2,7%; Дивиденден принос од македонски акции заработени од задолжителниот фонд е 4,2% за 2014 година

ИЗДВОЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ

За задолжителниот пензиски фонд:

- Број на членови заклучно со 31.12.2014: 195.358 членови и времено распределени лица[1]
- Големина на нето средства во фондот заклучно со 31.12.2014: 17.706.968.075,66 МКД[2]
- **Остварен просечен годишен номинален принос за периодот 31.12.2007 – 31.12.2014 година: 5,21%[3].**
- **Остварен просечен годишен реален принос за периодот 31.12.2007 – 31.12.2014 година: 3,05%[4].**

Наплатуван надоместок од придонеси[5]*	
период	КБ Прво
1.1.2010 – 31.12.2010	5,5%
1.1.2011 – 31.12.2011	4,5%
1.1.2012 – 31.12.2012	4%
1.1.2013 – 31.5.2013	4%
1.6.2013 – 31.12.2013	3,75%
1.1.2014 – 31.12.2014	3,50%

Наплатуван месечен надоместок од вкупни нето средства на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје[6]*	
период	КБ Прво
1.1.2010 – 31.12.2012	0,05%
1.1.2013 – 31.5.2013	0,05%
1.6.2013 – 31.12.2013	0,045%
1.1.2014 – 31.12.2014	0,045%

Надомест за премин[7]*	
број на денови ≤ 720	15 Евра
број на денови > 720	не се наплаќа

*Приносот на Вашата индивидуална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот задолжителен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од вашето друштво кое управува со задолжителниот пензиски фонд.

Трансакциони провизии[8]*	Износ во денари
Вкупен износ на трансакциони провизии во периодот 1.1.2014 – 31.12.2014	558.162,54

- Просечна уплата по член во 2014 година во денари: 1.612 МКД[9]
- Висина на бруто уплати во 2014 година во денари: 2.375.997.955 МКД[10]
- Процентуално учество на средствата на фондот во странски сопственички хартии од вредност: 27,91% или 4.949.894.102,60 МКД[11]
- Процентуално учество на средствата на фондот во домашни државни обврзници: 59,83% или 10.612.996.025,77 МКД [12]

*1,3,4,5,6,7 Извор: Агенција за супервизија – МАПАС
*2,8,9,10,11,12 Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

За доброволниот пензиски фонд:

- Број на членови заклучно со 31.12.2014: 12.726 членови [1]
- Големина на нето средства во фондот заклучно со 31.12.2014: 262.302.378,53 МКД[2]

- **Остварен просечен годишен номинален принос за периодот 31.12.2009 – 31.12.2014 година: 6,90%[3]***
- **Остварен просечен годишен реален принос за периодот 31.12.2009 – 31.12.2014 година: 4,52%[4]***

Наплатуван надоместок од придонеси [5]*	
Период	КБ Прво
1.1.2010 – 23.4.2010	5,50%
24.4.2010 – 31.12.2012	4%
1.1.2013 – 31. 5.2013	4%
1.6.2013 – 31.12.2013	2,9% (или согласно договор за професионална пензиска шема на компанија)
1.1.2014 – 31.12.2014	2,9% (или согласно договор за професионална пензиска шема на компанија)

Наплатуван месечен надоместок од вкупни нето средства на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје [6]*	
Период	КБ Прво
1.1.2010 – 31.12.2010	0,15%
1.1.2011 – 31.12.2012	0,075%
1.1.2013 – 31.12.2013	0,075%
1.1.2014 – 31.12.2014	0,075%

Надоместок за премин [7]*	
број на денови ≤ 360	10 Евра
број на денови > 360	не се наплаќа

*Приносот на Вашата доброволна индивидуална сметка и/или професионална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот доброволен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од вашето друштво кое управува со доброволниот пензиски фонд.

Трансакциони провизии [8]*	**Износ во денари**
Вкупен износ на трансакциони провизии во периодот 1.1.2014 – 31.12.2014	59.143,37

- Просечна уплата по член во 2014 година во денари: 3.730 МКД[9]
- Висина на бруто уплати во 2014 година во денари: 96.170.770 МКД[10]

[1,3,4,5,6,7] Извор: Агенција за супервизија – МАПАС
[2,8,9,10] Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

ПРОФИЛ НА ДРУШТВОТО

Друштвото е основано и регистрирано на 19 мај 2005 година, согласно Законот за трговски друштва и Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и со дозвола бр.02-470/3 за основање на Друштво за управување со пензиски фондови и одобрение за управување со КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје издадени од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата). Задолжителниот фонд почна со работа на 31/01/2006 година.
На 20.11.2008 година Агенцијата донесе одлука за издавање на одобрение на Друштвото за управување со задолжителен пензиски фонд со неограничено траење.

На 24/08/2009, Друштвото доби дозвола бр. 02-1534/3 за проширување на дејноста - управување со доброволен пензиски фонд. На 4/12/09, Друштвото доби полноважно одобрение за работа во 3-от столб бр.02-2158/5 за управување на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд-Скопје. Доброволниот фонд почна со работа на 21/12/2009 година.

Во оригиналната структура на капиталот основачи на Друштвото се:
1. Прва покојнинска дружба дд Љубљана (реорганизирана во Прва Груп во 2007 година), со 51% сопственост во основачкиот капитал на Друштвото односно 765 акции во вкупна номинална вредност од 765.000 ЕУР.
2. Комерцијална Банка АД Скопје, со 49% сопственост во основачкиот капитал на Друштвото односно домашниот партнер учествува со 735.000 евра во основачкиот капитал.
Основната главнина беше поделена на 1.500 обични акции, со номинален износ од 1.000,00 ЕУР и секоја акција дава право на еден глас.

Но, во 2009 година основачите го зголемија капиталот за нови 300.000,00 ЕУР. Новата структура на капиталот е следната:
1. Prva Group plc.Ljubljana, со 51% сопственост во основачкиот капитал на Друштвото односно 918 акции во вкупна номинална вредност од 918.000,00 Евра
2. Комерцијална Банка АД Скопје, со 49% сопственост во основачкиот капитал на Друштвото односно 882 акции во вкупна номинална вредност од 882.000,00 Евра

Основната главнина е поделена на 1.800 обични акции, со номинален износ од 1.000,00 ЕУР и секоја акција дава право на еден глас.

ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО ВО 2015 ГОДИНА

- Промоција на реформираниот пензиски систем на јавноста,
- Одржување на пазарното учество во 2-столб,
- Екстензивен раст во продажбата и уплатите на 3-от столб,
- Одржување на конзервативна и внимателна инвестициска стратегија со големи напори кон постигнување на добар принос, како во задолжителниот фонд така и во доброволниот фонд,
- Примена на светски практики за управување со средства,
- Квалитетно комуницирање со членовите на фондовите,
- Одржување на добра и постојана комуникација со регулаторот, Фондот на ПИОМ, Владата и медиумите,
- Одржување на имиџот за сигурно, доверливо, транспарентно и професионално пензиско друштво,
- Зголемување на ИТ капацитетите на многу повисоко ниво преку соработка со Прва груп, МАПАС и ИН2,
- Внимателно следење на потенцијалните ризици: оперативни, пазарни и регулаторни,
- Работна програма за квалитетно образование и континуирано подобрување,
- Зголемување на односите и соработката со акционерите,
- Внесување на нови алатки за зголемување на продуктивноста на работењето
- Зајакнување на второто ниво на менаџмент и митигација на сите ризици посочени од страна на МАПАС, внатрешниот ревизор, одговорното лице за ризици и Надзорниот одбор.

ЕКОНОМСКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ ВО 2014 ГОДИНА И ПРОГНОЗИ ЗА 2015 ГОДИНА

Макроекономска состојба во светот и Р. Македонија



Глобалната економска активност и покрај одредени изолирани случаи на неизвесност и немири се подобри и се очекува во наредните години понатаму да продолжи да расте. Глобалниот раст проектиран од страна на ММФ, изнесува 3,5% во 2015 година и понатаму на 3,8% во 2016 година. Според ММФ поголемите развиени економии се очекува да достигнат просечен раст од 2,4% во 2015 и 2016, додека брзорастечките економии и земјите во развој 4,3% и 4,7% за истиот период. Растот во 2014 година во Еврозоната беше пониска од предвидувањата на аналитичарите а очекувањата за 2015 година се да заврши со раст од 1,5%.

Македонската економија растеше и во 2014 година, при што забележа годишен раст од 3,8%. Проекции на Министерството за финансии за раст на БДП од 4,0% во 2015 година, НБРМ има проекција за економски раст од 4,1% за 2015 година. Главни двигатели на растот во 2015 година ќе бидат извозот и градежништвото. Согласно проекциите пак на Меѓународниот монетарен фонд (World Economic Outlook Database April 2015) во 2015 година се очекува раст на БДП од 3,8%.

Согласно проекциите на Народната банка на Р.Македонија во 2015 година се очекува стапка на инфлација од 1%. Тековната сметка и нивото на девизни резерви се очекува да останат на моменталното (стабилно) ниво.



ФИНАНСИСКИ ПЕРФОРМАНСИ НА ДРУШТВОТО

Во 2014 година Друштвото оствари **нето добивка** од работењето во износ од 74.686.635 денари, **а беше планирана добивка од 77.845.562 денари.***
Помалата добивка во износ од 3.158.927 денари се должи пред се на измените на Законот на данокот на добивка. Како резултат на измените на Законот, Друштвото треба да плати данок на добивка за 2014 година во износ од 8.515.245 денари, што е за 8.279.498 денари повеќе од планираното.*

Вкупните расходи на Друштвото за 2014 година изнесуваат **105.422.476** денари, а планирани беа **107.513.073 денари**. Друштвото има пониски трошоци во износ од **2.090.597 денари** и покрај повисоките трошоци за МАПАС, Прва Груп, Комерцијална Банка АД Скопје и банка чувар кои не беа предвидени во планот.*

Поголеми трошоци кои се остварени во 2014 година се:

Реализираните **расходи за склучени договори и останати трошоци за агенти** за задолжителниот и доброволниот пензиски фонд со износ од 2.039.405 денари, а беа планирани 4.914.916 денари.*
Расходите за **МАПАС, ФПИОМ** и **Банка чувар** изнесуваат **31.269.952 денари**, а планирани беа 30.361.773 денари. Повисоките трошоци во износ од 908.179 денари се резултат на поголемиот надоместок за Банка чувар кој влезе во примена во јануари 2014 година (од 0,064% на 0,07% од нето средствата на задолжителниот пензиски фонд.*
Амортизацијата изнесува 3.640.372 денари, а планирани беа 4.044.000 денари. Не се реализираа сите планирани инвестиции.*
Трошоците за плати и други надоместоци на вработените изнесуваат 31.755.626 денари, а планирани беа 33.223.430 денари. Дополнителни трошоци за вработените како што се патни трошоци, дневници, трошоци за образовни услуги и сл. изнесуваат 1.152.416 денари. Овие трошоци во планот не влегуваат во трошоци за плати, и се наведени како други трошоци поврзани со работата.*

Трошоците за услугите на Прва Груп (по основ на услуги за инвестирање, информатички услуги, интерна ревизија, едукација и тренинг на членовите на Управен Одбор и ризици) изнесуваат 12.009.024 денари и на Комерцијална банка АД Скопје за склучени договори, и дистрибутивна мрежа, наем на втора локација и банкарски провизии во износ од 1.994.211 денари.*

** Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје*



КБ ПРВ ОТВОРЕН ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

На крајот на 2014 година, нето средствата на Задолжителниот фонд со кои управува Друштвото достигнаа износ од 17,707 милијарди денари (287,92 милиони ЕУР), а планирани беа 17,317 милијарди денари (281,58 милиони ЕУР)[1]
Во Фондот беа уплатени вкупно придонеси во износ од 2,376 милијарди денари (38,63 мил ЕУР) или просечно месечно 198 милиони денари (3,22 милиони ЕУР), а планирани беа 2,396 милијарди денари (38,96 милиони ЕУР)[2].
Просечниот месечен уплатен придонес изнесува 1.612 денари, а планирано беше 1.600 денари. Од почетокот на реформираниот пензиски систем до сега 192.539 членови примиле барем една уплата.[3]
Друштвото има годишен приход од 83,078 милиони денари од влезна провизија што е просечен месечен приход од 6,923 милиони денари и е 99,07% во однос на планот. Друштвото има годишен приход од управувачка провизија со износ од 85,867 милиони денари.[4]
Вредноста на сметководствената единица на 31.12.2014 година изнесува 164,578077.[5]

Со состојба 31.12.2014 год., најголем дел од средствата на задолжителниот фонд, 59,83% Друштвото ги вложи во државни хартии од вредност, 8,35% во депозити кај домашни банки, 2,52% во акции на домашни издавачи, и 27,91% во инвестициски фондови од странски издавачи (ETF).[6]

КБ ПРВ ОТВОРЕН ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

Во Фондот беа уплатени вкупно придонеси во износ од 96,170 милиони денари (1,564 милиони ЕУР) или просечно месечно 8,014 милиони денари (130,313 илјади ЕУР), а планирани беа 84,25 милиони денари (1,37 милиони ЕУР).[7]
Од почетокот на реформираниот пензиски систем до сега, 12.726 членови примиле барем една уплата.[8]
Друштвото има годишен приход од 2,495 милиони денари од влезна провизија што е просечен месечен приход од 207.919 денари и е 113,98% во однос на планот. Друштвото има годишен приход од управувачка провизија со износ од 1,79 милиони денари.[9]
Вредноста на сметководствената единица на 31.12.2014 година изнесува 139,908803.[10]

Со состојба 31.12.2014 год., најголем дел од средствата на доброволниот фонд, 46,78% друштвото ги вложи во државни хартии од вредност, 14,71% во депозити кај домашни банки, 8,54% во акции на домашни издавачи, и 26,79% во инвестициски фондови од странски издавачи.[11]

[1,2,3,4,6,7,8,9,11] Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје
[5,10] Извор: Агенција за супервизија – МАПАС

УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Друштвото, по формирањето на Секторот за управување со ризици во 2013 година и воспоставувањето на процедурите за работа, во текот на 2014 година презеде активности за подобрување на работењето на Секторот, а со тоа да обезбеди поголема сигурност и стабилна основа за постигнување на дефинираните цели.

Беа подготвени индикатори за клучни ризици – КРИ (Key Risk Indicators – KRI) како дел од управување со ризиците на компанијата (Enterprise Risk Management - ERM). Индикаторите за клучни ризици се состојат од индикатори за финансиски ризици, пензиски ризици, оперативни ризици и надворешни ризици. За секој КРИ беа дефинирани нивоата на толеранција на ризик, веројатноста и влијанието. Идентификуваните ризици беа мерени на месечно и квартално ниво, а управувањето со ризиците беше во согласност со политиката.

Во 2014 година, се подготви Анализа на влијанијата на бизносот (Business Impact Analysis) која дава опис односно дефиниција на ризиците со нивната почетна веројатност и влијание, начин на следење на нивните измени и измените на прифатливо ниво на ризик. Со BIA се утврдуваат влијанијата на клучните индикатори за ризици врз КБ Прв отворен задолжителен фонд, КБ Прв отворен доброволен фонд и КБ Прво пензиско друштво.

Сигнификантните оперативни ризици од работењето на Друштвото се пријавуваа до Управниот одбор и секторот за управување со ризици, кои предлагаа корективни мерки и ја следеа нивната имплементација се до нивното отстранување.

Друштвото подготвуваше Анализа на приносите на месечно ниво, а споредбата со реперот и таргетите утврдени во Инвестиционата политика за 2014 година ги опфати со Анализа на приносите на полугодишно и годишно ниво.

На месечно ниво се подготвуваа: извештај за ризици, извештај за лимити, извештај за стандардна девијација на приноси и Sharpe ratio, извештај за усогласеност на портфолијата и др.

❍ Ликвидносен ризик

Ликвидоносен ризик е неможност да се извршат достасаните обврски на Друштвото и фондовите.
Со цел да се заштити од овој вид на ризик, Друштвото води евиденција за паричните приливи и одливи, ги проектира истите на долг рок и ја контролира рочната структура на обврските. Управувањето со овој вид на ризик овозможува да се обезбеди солвентност на долг рок.
Со ликвидносниот ризик се управува преку усогласување на инвестициите согласно приливите и одливите на средствата. При инвестирањето се имаат во предвид ликвидноста и длабочината на пазарот. Пред да се инвестираат средствата, задолжително на сметката за инвестирање мора да има доволно парични средства за да се изврши трансакцијата. Приливите/одливите на средства се контролираат на дневно ниво преку Извештајот за парични текови.



❍ Каматен ризик

Каматен ризик претставува ризикот на кој се изложени средствата преку вложување во депозити, обврзници и други должнички хартии од вредност, чија цена се менува во однос со движењето на каматните стапки.
Каматниот ризик се мери на последниот ден од месецот преку модифицирано времетраење (modified duration) која понатаму пак се користи за симулации на различни сценарија.
Каматниот ризик се управува преку усогласување на времето на доспевање на инвестициите (депозити и должнички хартии од вредност) со очекувањата за движење на каматните стапки. Врз база на очекувано движење на каматните стапки на пазарите се управува со дурацијата. Во услови на очекувано зголемување на каматните стапки се намалува дурацијата, а во услови на очекувано намалување на каматните стапки се зголемува дурацијата

❍ Валутен ризик

Валутен ризик претставува ризикот на кој се изложени средствата од промена на девизниот курс.
Валутниот ризик се мери на последниот ден од месецот преку стрес тест со кој се пресметува ефектот од промената на вредноста на валутите (курсни промени).
Валутниот ризик се управува пред сé преку соодветна валутна диверзификација. Еврото како монетарно сидро и денарот како валута преку која се изразени обврските на фондовите и друштво претставуваат доминантни валути во портфолијата, а останатите валути се следат преку движењата на девизниот пазар на дневна основа

❍ Пазарен ризик

Пазарниот ризик е ризик кој како резултат на намалувањето на цените или зголемена волатилност на цените ќе предизвика негативен ефект врз вредноста на средствата на друштвото и фондовите. Пазарниот ризик се јавува како последица на промените на пазарната вредност на инструментите како резултат на економски и неекономски промени.

Пазарниот ризик се мери на последниот ден од месецот со пресметка на VaR – value at risk. Под VaR се подразбира метод на оценување на веројатноста од загуби во вредноста на портфолиото во одреден временски интервал. VaR се изразува и како процент од нето вредноста на средствата на пензиските фондовите. Податоците врз основа на кои се пресметува VaR мора да опфаќаат период од најмалку една година.
- Ризикот од промена на цените се управува преку дневно следење на цените на сите хартии од вредност и преку редовно следење

❍ Кредитен ризик

Кредитниот ризик претставува ризик од загуба како резултат на неисполнувањето на обврските на другата договорна страна во трансакцијата.
Со кредитниот ризик се управува преку: алокација на средства и точно утврдени правила на диверзификација, следење на политичката стабилност на земјата, макроекономска слика, анализа на ликвидноста на секој издавач, следење на кредитниот рејтинг на компаниите и државите, интерна анализа на конкретниот издавач.

❍ Правен ризик

Секоја договорена трансакција треба да биде документирана, во форма на Извештај за купување-продавање, Договор за извршување на конкретна работа - посредници на примарен и секундарен пазар за хартии од вредност, Договор за орочени депозити во банки и друга соодветна документација. За исправно и целосно извршување на овие активности и обезбедување на соодветна документација е одговорен секторот за управување со средства.

ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОВИТЕ

Управниот одбор на своите седници донесуваше одлуки за инвестирање на средствата на пензиските фондови, врз основа на кои се инвестираа овие средства. Кон крајот на годината беа утврдени редовните годишни Тактики за инвестирање на средствата на задолжителниот и доброволниот фонд, со кои беше уреден начинот на работење на Друштвото во однос на инвестирањето на средствата на пензиските фондови за следната година. Исто така беа подговтени нови Инвестициони Стратегии за Задолжителниот фонд и Инвестиционата Стратегија за Доброволниот фонд. Беше направено и ревидирање на Тактиката за задолжителниот и доброволниот пензиски фонд поради усогласување со актуелната состојба на финансискиот пазар и усогласеност со измените направени во Инвестиционите стратегии.

Во врска со задолжителниот фонд, во текот на цела 2014 година се градеше позиции во акции во странство преку индексни фондови, ЕТФ-и кои котираат на најголемите странски берзи. На тој начин се диверзифицираа голем дел од средствата кои се инвестираат во акции во странство во износ од околу 28% од фондот. Оваа класа на инструменти имаше значаен удел во остварувањето на приносот за 2014 година имајќи го во предвид растот на берзанските идекси во развиените пазари на капитал.

Во однос на доброволниот фонд, во текот на 2014 година, Друштвото инвестираше дел средствата во акции во странство преку индексни фондови, ЕТФ-и кои котираат на најголемите странски берзи. Постепено во текот на годината беше изградена позиција од околу 27%.

Дел од средствата беа инвестирани во акции на компании во Р.Македонија, државни обврзници и депозити во домашни банки.

Дисциплинирано се градеше позиција во сите инструменти во текот на цела 2014 согласно тактитката за годината.

Во текот на 2014 година, во Секторот за управување со средства продолжи со директна релација со повеќе странски дилери/брокери од повеќе европски банки, со што значително се придонесе за подобрување на квалитетот за работа, воспоставување подобра релација, навремено информирање за случувањата на странските пазари.

ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Внатрешната ревизија во Друштвото претставува независна активност на давање на објективно уверување и совет, воспоставена со цел да придонесе кон зголемување на вредноста и подобрување на работата на Друштвото и на пензиските фондови. Таа помага Друштвото и пензиските фондови да ги остварат своите цели, применувајќи систематски, дисциплиниран пристап за процена и подобрување на ефективноста на процесите за управување со ризикот, контролата и управувањето.
Во текот на 2014 година Внатрешната ревизија изврши вкупно 4 планирани редовни прегледи на работата на Друштвото. За наодите од извршените прегледи беа доставувани ревизорски извештаи до Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото, во кои се укажуваше на можните ризици со препораки за отстранување на одредени неправилности.

ПРОДАЖБА

Во текот на 2014 година активностите на Друштвото беа насочени во правец на одржување на пазарното учество во делот на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, при што се посвети особено внимание на квалитетот на услугите што Друштвото ги нуди на новите но и на постоечките членови на Задолжителниот пензиски фонд со кој тоа управува. Во делот на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување, се реализираа интензивни активности за привлекување што поголем број на членови и склучување на поголем број на договори за членство во доброволниот пензиски фонд, пред се преку директни презентации на менаџментот на преку 2.500 компании во земјата. Исто така, во главниот фокус на работењето во третиот пензиски столб, беше ставено и зголемувањето на уплатите во Доброволниот пензиски фонд. Преку зголемените продажни активности Друштвото успеа да склучи договори за пензиски планови со 321 компанија.

ПАЗАРНО УЧЕСТВО

ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

Број на членови и времено распределени лица[1] (За периодот од 01.01.2014 до 31.12.2014)	50,40%
Големина на нето средства во фондот[2]	53,61%

ЗА ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

Број на членови[3] (За периодот од 01.01.2014 до 31.12.2014)	29,04%
Големина на нето средства во фондот[4]	51,86%

[1,2,3,4] Извор на податоци: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје/Агенција за супервизија МАПАС.

МАРКЕТИНГ АКТИВНОСТИ И МРЕЖА НА АГЕНТИ

Позначајни активности во однос на маркетингот беа: континуирана работа на терен и изнаоѓање на можности за продажба, присутност во медиуми (електронски и пишани) од аспект на давање на изјави, анализи и мислења, објава на огласи во истите, оддржување презентации за карактеристиките на тростолбниот пензиски систем, присуство на индивидуалци на практична работа, заедничка промоција на системот преку финансиска едукација на младите заедно со МТСП, МАПАС и НЛБ НПФ, како и активно учество во работата на стопански комори.

Напоредно со маркетинг активностите во овој период беа превземени и активности за реорганизација на продажната мрежа согласно потребите на Друштвото.

На 31.12.2014 година, Друштвото имаше 157 агенти, од кои 77 агенти склучуваа договори. Во текот на годината, 2 нови агенти беа обучени и регистрирани во Регистарот на агенти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, 3 агенти станаа неактивни бидејќи не успејаа да го положат дополнителниот испит за агент но повторно станаа агенти откако го положија испитот, 154 кои го положија дополнителниот испит за исплата на пензии и пензиски надоместоци во 2014 година беа пререгистрирани во Регистарот додека пак на 223 агенти им престана статусот на агент заради неактивност, неположување на дополнителниот испит за агент или пак престанок на работен однос.

На крајот на 2014 година, Друштвото имаше 157 агенти кои беа лиценцирани за работа во задолжителното и доброволното пензиско осигурување.

ОБУКИ НА АГЕНТИТЕ

Друштвото одржа една обука за полагање на целосниот испит од новите кандидати за агенти и една обука за агентите на која беа разгледувани неколку важни теми: важноста на почитувањето на законските одредби при вршење на агентски работи, важност на точноста на податоците што агентите ги внесуваат во договорите за членство, процедурата за потпишување на договори за членство во задолжителниот пензиски фонд со повозрасни осигуреници, спречување на перење пари и финансирање на тероризам и постапување со личните податоци стекнати при вршењето на агентските работи и продажба на 3-от пензиски столб.

Исто така, беа реализирани континуирани обуки на помали групи на агенти како редовни активности при посета на другите градови во државата. Овие обуки имаа за цел проширување на познавањата на агентите за доброволното пензиско осигурување и надградба на продажните вештини но и се користеа за постојано потсетување на агентите за важноста од почитувањето на законите, подзаконските акти и интерните правила на Друштвото.

ИНФОРМАТИЧКО - КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА

Друштвото во 2014 година работеше на подобрување на достапноста и воведување на нови софтверски решенија за автоматизирање на деловните процеси на компанијата. Се работеше на надградба на апликациите за генерирање на извештаи за фондовите и надградба на апликаците за управување со сметките на членовите на задолжителниот и доброволниот фонд. Во текот на 2014 година, исто така беше подготвено и имплементирано решение за трансфер на членовите помеѓу друштвата во согласност со промените на законот.

Во текот на годината, се работеше на промена и подобрување на инфраструктурата, во делот на системската и комуникациска опрема. Во рамките на информативниот систем, се воведе нова Giga-bit комјутерска мрежа за подобра и побрза комуникација, што резултираше повисоки перформанси на информациониот систем. Во текот на годината беше променета инфраструктура на веб-порталот и на серверот за електронска пошта со миграција на виртуелни серверски платформи. Истотака беше променета интернет врската со нова оптичка комуникација со двоен-редудантен линк.

Како дел од годишниот план за тестирање на Планот за континуитет на работа имаше успешно завршени два теста на секундарната локација на Друштвото. Целта на тестирањето беше да се провери и потврди работењето на Друштвото во случај на природни непогоди или било нарушување на оперативноста на примарната локација на компанијата. Обезбедување континуирана обука за вработените во нашата компанија, останува многу важна цел за Друштвото. Акцентот и оваа година беше ставен на неколку различни области, како што се:

- Правилници и мерки за заштита на личните податоци,
- Обука за безбедност на информативниот систем,
- Планот за континуитет на деловното работење на компанијата и најдобрите практики во итни случаи.

ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Друштвото посветува големо внимание на кадровската политика, од моментот на селектирање и прием на работници, се до нивно воведување и пренесување на своето искуство со цел нивна мотивација за работа. Како дополнителна мотивација за своите вработени Друштвото излегува во пресрет преку помагање при нивно стручно усовршување, овозможување на персонален развој и развој во кариерата, унапредување, задржување на своите вработени.

Основни начела врз кои се заснова работењето на Друштвото се:

- ***Тимска работа***
- ***Перфекција во работењето***
- ***Почитување на луѓето и околината***
- ***Лидерство***
- ***Интегритет***
- ***Фокус кон клиентот***

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје со состојба на 31.12.2014 година брои 31 вработен.

РАЗВОЈ И ОБУКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Професионалното унапредување на вработените значи унапредување и усовршување на работењето на Друштвото, а со тоа и овозможување на професионална и поквалитетна услуга на членовите и идните членови на пензиските фондови со кои управува Друштвото.

Како и секоја година и во текот на 2014 година вработените беа поттикнувани од страна на Менаџментот на Друштвото активно да бараат можности за до-усовршување на своето знаење преку учество на обуки, конференции и полагање на стручни испити во својот делокруг.

Исто така, се овозможи вработен во Друштвото да полага испити за овластен ревизор – Законска регулатива, организиран од страна на Институт на овластени ревизори на РМ. Во текот на годината вработени лица во Друштвото беа испратени на стручно усовршување во Р. Словенија во делот на ИТ активности. Се зазема учество на обуки и советувања во делот на примена на одредени законски прописи и новини во работењето на Друштвото, обука на тема „Справување со бариери и приговори во продажбата" и Обука на тема „Менаџирање на деловните односи со клиентите", организирани од Trtiple S Group, обука на тема „Напредни преговарачки вештини" организирана од Smart events, обука на тема „Advanced Risk Management", организиирана од Министерство за финасии на РМ во соработка со Министерство за финансии на Владата на Луксембург потоа учество на Менаџментот на годишна конференција со подружниците на основачот Прва Груп плц Љубљана и учество на многубројни конференции и семинари како што се: Годишна конференција на CFA, Трета експертска конференција „На патот кон заздравување и одржлив раст во променетото глобално опкружување" организирана од Народна банка на РМ, 5-та годишна конференција за инвестирање „Inside ETFs Europe", Годишна конференција организирана од ЕПИ, Конференција на македонскиот пазар на хартии од вредност 2014 година, Конференција за пензиски фондови, организирана од страна на Берзата на хартии од вредност во Хрватска, 19-та Годишна конференција на АЦИ и друго. Се учествуваше и на Третата регионална конференција Skopje Legal Risk Management 2014, на која улога на предавач зазема и Претседателот на Надзорниот одбор на Друштвото, која го сподели своето искуство во делот на управување со ризици.

Друштвото, исто така ја следеше и работата со правното уредување на создадените односи, преку ангажирање на агентите, преку договор за застапување на друштвото во склучувањето на договорите за членство и вршење на работи на маркетинг, договорно уредување на односите и со другите лица, соработниците, изработката на правни лекови и слично.

КОРПОРАТИВНО ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Традиционално, вработените и агентите на Друштвото учествуваа на Скопскиот маратон, кој беше организиран на 11 мај 2014 година. Идејата на Друштвото е од секој поминат метар од поединечно лице да се донира 1 денар во хуманитарни цели, врз основа на избраната должина на патека (трка 5000м, полумаратон и маратон).
Овие акции претставуваат долгогодишна традиција на Друштвото, со што би се придонело да се разбуди свеста на пошироката јавност, да се почитува и помогне на околината.

Водејќи се од претходното искуство, врз основа на Законот за ратификација на договорот меѓу Македонската влада и Владата на Р. Германија за одбегнување на двојно оданочување во однос на даноци на доход и на имот, Друштвото во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд со кои управува, и во 2014 година побара поврат на данок на исплатена дивиденда на хартија од вредност во Р. Германија, во која се инвестирани средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд.

Со надминување на огромен бирократски бедем повторно е извршен поврат на задржан данок по основ на остварен приход од дивиденда во рамки на инвестирање на средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд со кои управува Друштвото. Со оваа активност на Друштвото средствата добиени врз основа на извршен поврат на задржан данок по основ на приход од дивиденда, директно се пренесени на сметките на членовите на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд.

wizzair.com WIZZ
2475
ВИЗ ЕР СКОПСКИ МАРАТОН
ГРАД СКОПЈЕ 11 МАЈ 2014
2486
11 МАЈ 2014
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Корпоративното управување на Друштвото се темели врз правилата на управување и надзор, утврдени со Кодексот за добро корпоративно управување на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, донесен од страна на Управниот одбор, а одобрен од страна на Надзорниот одбор на Друштвото.
